**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 59 од Статутот бр. 02-7203 од 05.11.2019 година на **Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со** ЕМБС 4028201( во понатамошен текст: Друштвото) и член 455 и 456 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден 11.03.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за задолжување на Друштвото, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници**

1. Се дава согласност за задолжување на Друштвото врз основа на **Договор за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право, на износ од ЕУР. 8.000.000,00 заведен кај доверителот под бр. 02-110-88/2 од 04.02.2021година со рок до 04.02.2026 година** склучен помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје како доверител и **Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово** како должник - корисник, како и поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРКЛ како и оние поединечни договори склучени пред датумот на Договорот за РРКЛ кои со анекси кон договорите ќе се вклучат во Договорот за РРКЛ, кои се сметаат за составен дел на Договорот за РРКЛ, под услови и рокови утврдени во поединечните договори.

2. Се дава согласност заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална Банка АД Скопје врз основа на Договорот за РРКЛ цитиран во точка 1 од оваа Одлука, да се заснова заложно право врз следниот имот:

- **Залог врз недвижен имот - Комплекс на Објекти – Нова фабрика за цевки на ул.11 Ноември бб Куманово на КП 9703/1, зграда 2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23,24,25,26,27,28,29, 30,31,32,90,153,154,155,156,157 и 158 со вкупна површина од 48.190 м2 сопственост на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово врз основа на Имотен лист бр.11 КО Куманово,**

- **Залог врз недвижен имот - Комплекс на Објекти - Стара фабрика за цевки ул.11 Ноември бб Куманово објекти кои се наоѓаат на КП 9703/1 ( детално наведени во Проценка бр. 11672.04) со вкупна површина од 51.000 м2 сопственост на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово врз основа на Имотен лист бр.11 КО Куманово,**

- **Залог врз подвижни предмети - Опрема и машини во комплекс нова фабрика за производство на цевки и профили 11 Октомври во Куманово сопственост на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово врз основа на пописна листа, фактури и сопственичка изјава детално опишани во Листата на проценета опрема прилог на Проценка бр. 5860.09 за вредноста на подвижен имот изработена од страна на стручната служба на Банката,**

- **Залог врз подвижни предмети - Опрема и машини во комплекс стара фабрика за производство на цевки и профили 11 Октомври во Куманово сопственост на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово врз основа на пописна листа и фактури и сопственичка изјава детално опишани**

**во Листата на проценета опрема прилог на Проценка бр. 11706.05 за вредноста на подвижен имот изработена од страна на стручната служба на Банката**

3. Се дава согласност заради обезбедување на побарувањето на Комерцијална Банка АД Скопје врз основа на Договорот за РРКЛ цитиран во точка 1 од оваа Одлука, Друштвото да издаде **3 (три) бланко бланко сопствени акцептирани меници со ме□ична изјава - согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата на своите побарувања без протест, уредени со Нотарски акт и клаузула за извршност - акцептирани и трасирани од Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово авалирани од физичките лица Тони Каранфиловски со ЕМБГ 2704970420058 и Дејан Каранфиловски со ЕМБГ 1310972420037**

4. Собранието на акционери на **Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово потврдува и одобрува** дека согласно Законот за трговски друштва задолжувањето на Друштвото со Договорот за РРКЛ на износ од **ЕУР. 8.000.000,00** заведен под бр. **02-110-88/2** од **04.02.2021** година и заложувањето на имотот на Друштвото претставува голема зделка со што потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка согласно одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

5 . Се овластува Извршниот Директор во име и за сметка на **Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово** да го склучи и потпише **Договорот за рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право со својство на извршна исправа, на износ од ЕУР. 8.000.000,00 заведен кај доверителот под бр. 02-110-88/2 од 04.02.2021 година со рок до 04.02.2026 година како и поединечните договори кои ќе се склучат или вклучат во рамки на овој договор**, да го склучи и потврди пред нотар **Договорот за залог на недвижен имот**, со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, **Договорот за залог врз подвижни предмети** со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, **Нотарскиот акт за меници** со својство на извршност и меничните бланкети акцептирани и трасирани од Друштвото корисник на кредитот кое гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките, како и сета останата потребна документација за предметната правна работа пред надлежен Нотар.

6. Со донесување на оваа Одлука, Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на одлуки согласно важечкиот Статут на Друштвото и законските одредби и дека освен согласноста од Собранието на Друштвото(поради ограничувањето на Одборот на директори предвидено во чл. 44 т.13 во Статутот ) други согласности од органи или лица не се потребни.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач